Врз основа на член 50. став 13 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 05/02) и член 23 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.10/20),

Градоначалникот на Општина Велес донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на службеник за млади**

1. Со ова Решение се именува службеник за млади од редовите на општинската администрација на Општина Велес.

2. За службеник за млади се именува лицето Владимир Смилев - помлад соработник за изработка на документација од обласга на културата и спортот, во Одделение за јавни дејности, Сектор за правни и општи работи, јавни дејности, јавни набавки, информатичка технологија и поддршка на градоначалникот.

3. Службеникот за млади е одговорен за работењето на Канцеларијата за млади, за координирање и следење на работата на Локалниот Совет на млади, за Младинскиот центар, како и за спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на општината.

4. Службеникот за млади е должен до Градоначалникот, Советот на Општина Велес и Агенцијата за млади и спорт да доставува годишен извештај за својата работа и истиот да го објавува на веб страницата на општината.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Образложение

Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.10/20) со член 23 ја регулира потребата за одредување на лице задолжено за млади. Според ова општината е должна да одреди лице – службеник за млади, кое ќе биде одговорно за работењето на Канцеларијата за млади. При ова истиот ќе ја следи и координира работата на Локалниот Совет на млади, во спроведувањето и решавањето на прашања за млади.

Лицето кое се одредува со ова решение е должен да подготвува извештај за својата работа и ги известува надлежните органи за ова.

Врз основа на гореневеденото се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски

Број 08 - 2102/1
20.05. 2021 година
Велес

Доставено до:
-Именуваното лице
-Списи и архива